АРНО.МК
ИЗБРАНИ ТЕКСТОВИ

2019

БРАНКО ПРЉА
Берт Стајн / Исак Сима



МУЗИКА / ФИЛМ / КНИГИ / ИДЕИ

Содржина

Вовед	4
Сурфање по маргините!	7
Bad Religion, Скопје, скејтери, Це-Ка, Big Bang! #1	9
Bad Religion, Скопје, скејтери, Це-Ка, Big Bang! #2	12
Кога Miley Cyrus и Nine Inch Nails би имале дете, тоа би се викало Black Mirror	14
Батери Азиз!	16
Одиме во „Круг“!	18
Лубеница или книга?	22
Futura – фонт за сегашноста и иднината!	24
Добро учење, џезери...	26
Cobra Kai – втора сезона	28
Black Mirror или The Twilight Zone?	30
Дистопија, роботи и смрт!	32
Искривеното огледало на социјалните медиуми	34

// Избрани текстови //

Tesla vs. Тесла	38
Тесла vs. митот – Tesla vs. Тесла, втора рунда	40
Силиконска долина или ЛСД долина!?	42
Борба на идеологии: „Дај, не фрлај“ vs. „Black Friday“!	44
За реинкарнацијата и екологијата!	46
Дилемата на Хајзенберг!	48
Како да останеш ментално здрав во светот на медиумското лудило!?	50
Република Паника, Хелекс Унија	52
Трагичната судбина на романтичниот поет Џон Китс	54
Интернет на кубански начин!	56
Коцка, коцка, коцкица!	58
И што ако Земјата е навистина плоча?	60
The Dirt, валкан биографско-музички филм	62

Вовед

Кога со Владимир Карер го започнавме порталот Арно.мк, тргнавме од две идеи. Првата беше да пишуваме кратки текстови по еден наш рецепт: „Земи 50 проценти научни факти и измешај ги со 25% популарна култура и 25% лично искуство. Зачини со хумор, па готви на 20 степени целзиусови една минута и ќе добиеш јадење кое е ем калорично, ем лесно за варење!“ Со текот на годините постепено го напуштивме овој рецепт и преминавме кон подолги текстови и посериозни анализи. Но, во текстовите од 2019 година сè уште се чувствува таа почетна мешавина.

Уште тогаш кажавме дека сакаме да се стремиме кон „доброто“ како принцип: „Сите теми и текстови објавени на овој портал имаат мисија да ги подобрат работите во нашето општество, да известат за добрите трендови во светот и ако понекогаш зборуваме за лошите појави тоа го правиме со цел да влијаеме на позитивно разрешување на истите.“ Екологијата беше еден од примерите за таквиот пристап. Не ја избегнувавме критиката, но сакавме таа да отвори можност нешто да се промени на подобро.

Втората идеја беше многу едноставна: наместо постојано да си праќаме пораки со интересни работи што сме ги виделе на интернет, да направиме место каде што ќе пишуваме за нив и ќе ги споделуваме со други луѓе. Арно.мк произлезе и од тој наш непрекинат разговор. Понекогаш знаеме да поминеме часови во муабет за најновите достигнувања во технологијата и науката, за вештачката интелигенција, дизајнот, културата или еколошките проблеми. А кога ќе се вратиме дома и домашните ќе нè прашаат: „Како е Влатко, што прави?“ или „Како е Бранко, што прави?“, одговорот е: „Не знам!“ Идеите толку нè понеле што сме заборавиле да се прашаме за личните работи.

Иако Владимир е многу поретко присутен како автор од мене, тој е суштински дел од порталот, а неговата улога оди многу подалеку од програмирањето. Арно.мк е сведок на нашето пријателство, засновано на постојана взаемна потрага по знаењето. Порталот се надевам носи нешто од тие наши разговори.

Некои текстови почнуваат од песна, некои од филм, книга или

случајна мисла. Други од сеќавање што одеднаш се враќа: касета премотана со молив, скопска улица, музика што некогаш звучела како објаснување за сè. Во 2019 година, на Арно.мк, тие поводи се претвораа во кратки прошетки низ културата, секојдневието и идеите што ме преокупираа.


Кога повторно ги читам, гледам дека темите често се допираат. Од панк-песна лесно се стигнува до прашањето за напредокот, од телевизиска серија до стравот од иднината, од социјалните медиуми до нашата потреба да бидеме забележани. Музиката, филмовите и книгите ми помагаа да ги поставам тие прашања, дури и кога немав јасен одговор.

Во оваа книга ги собрав текстовите во кои и денес го препознавам сопствениот глас. Некаде пишувам како Берт Стајн, некаде како Исак Сима, некаде со своето име. Се менуваат тонот и аголот на гледање, но останува истата љубопитност: како нештата што ги слушаме, читаме и гледаме се вмешуваат во животот што го живееме.

Изборот го правев воден повеќе од есеистичкиот, на места и литературен пристап, отколку од желбата да ги претставам сите теми застапени на порталот. Затоа тука преовладуваат уметноста и културата, личните сеќавања и размислувањата за општеството. Дури и кога поводот е технологијата, тежиштето е врз нејзиното влијание врз човекот – неговите стравови, навики и претстави за себе и за иднината. Известувачките текстови за најновите научни и технолошки достигнувања останаа надвор од овој избор. За нив, како и за многу други теми што нè интересираат, можете да го посетите Арно.мк онлајн.

Ги оставив текстовите во нивното време. Она што тогаш било ново денес можеби е старо, а некои очекувања и стравови добиле сосема поинаква форма. Токму затоа вреди да се вратиме на нив. Ова е избор од една година, но и трага од еден начин на размислување – понекогаш носталгичен, понекогаш ироничен, секогаш во потрага по нешто што заслужува уште малку внимание.


Бранко Прља



СУРФАЊЕ ПО МАРГИНИТЕ!

БЕРТ СТАЈН 05 ДЕКЕМВРИ 2019





Неколку пати имам пишувано за значењето на списанието „Маргина“ во нашата културна сцена и во мојот живот, па зошто да не уште еднаш! Хронолошки, може?

1994 ПРВА СРЕДБА ВО ТАБЕРНАКУЛ

Од читател до дизајнер

Првата средба со „Маргина #2“ во книжарницата Табернакул во тогашното МНТ во 1994 година, кориците на кои работеше сестра ми, иконичката VR (Virtual Reality) со сребрениот квадрат исечен во корицата, mail art, Селин со Doom... тогаш бев тинејџер, а сестра ми уметник и дизајнер, ја следев по изложби и по печатници, на местата каде што работеше и учествував како тивок асистент во нејзините уметнички проекти во средината на 90-тите.

Таа го познаваше Коља, но се „запозна“ со списанието „Маргина“ преку мене. И јас го познавав Коља и Бане, како и сите позначајни алтернативци и уметници од тоа време, но тие не се сеќаваат на мене, зашто тогаш бев дете. Подоцна (2004-2008) работев за Темплум и го работев она што го сакав – десет години по првата средба со тоа култно списание, јас го дизајнирав, па и преведував и пишував текстови за него!

Не би можел да го опишам мојот однос со „Маргина“ со друг збор освен со зборот „љубов“. Претпоставувам дека Коља, основачот на „Маргина“ за тие кои не знаат, ако го прочита ова – ќе си поврати малку во устата на таа споредба. Оние кои го знаат ќе разберат, како што ќе ја разберат и мојата изјава, зашто тоа списание сплотило многу интелекти, им открило нови светови и сменило многу животи! Затоа, иако ми е драго што имам текст во последната „Маргина“, не би сакал навистина да биде последна.

Во МКЦ на 5 септември се одржа „Дизајнерско – уметничка изложба, 25 години Маргина – изложба на насловни страници на списанието!“, како потсетување на она што беше Скопје, а веќе не е – урбано, моќно, креативно и алтернативно!

„Тоа списание сплотило многу интелекти, им открило нови светови и сменило многу животи!“

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.12.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3195

BAD RELIGION

Скопје, скејтери, Це-Ка, Big Bang! #1

БЕРТ СТАЈН / 05 ЈУНИ 2019



“No Control” е четвртиот албум од старите рокери Bad Religion. Како најдоминантни претставници на панк-рокот, скејт-панкот, а воедно и мелодичниот хардкор, во Скопје во доцните 1980-ти и рани 1990-ти овој албум беше еден од најслушаните во друштвото скејтери кои се собираа пред тогашното автентично Це-Ка, денешното неокласицистичко чудовиште наречено Влада.

Мало, Боули и тогашната тајфа скејтери беа помеѓу првите кои ги слушаа ваквите бендови и скејтаа по скопските улици со звуците на Bad Religion, Gorilla Biscuits, Spermbirds (со песната која стана химна на скејтерите My God Rides A Skateboard), Suicidal Tendencies, NOFX и многу други бендови слушани на касети кои премногу пати се преснимуваа додека не се добиеше познатиот хардкор звук на шуштење посилно од звукот на ту-па-ту-ту-па.

Пушти ја лентата.

“No Control” е албум кој типично хардкорски трае 26 минути и во таа кондензирана форма се среќаваат теми како политика, филозофија, современ живот, општество, човечки права, медиуми, консумеризам, па дури и наука! Тоа е просечно под 2 минути по песна!

Си реков, ако можаш Bad Religion во помалку од две минути да пееш (свираш?) за толку комплексни теми, тогаш можам и јас да ги раскажам нивните песни во моментов додека ги слушам – моќно и брзо, хардкорски!

01 Change of Ideas 0:55

новиот милениум доаѓа и потребни се промени на идеи, очекуваме со возбуда, но исполнети сме со страв! Новиот милениум дојде, возбудата исчезна, стравот остана...

02 Big Bang 1:42

за мене, како љубител на астрономијата, оваа песна беше доволна да се заљубам во бендов! Тие се панк-рокери кои пеат за Big Bang и Big Crunch, и за идејата дека „сè се враќа, сè се плаќа,“ – затоа подготви се за судниот ден! Нашите постапки имаат последици – карма бејби!

03 No Control 1:46

епонимска политичка песна која прашува дали воопшто имаме контрола врз животот? Немаме перспектива, а историјата нè теши, но сегашноста треба да се живее! Сепак, немаме контрола!

04 Sometimes I Feel Like 1:34

песна за сиромаштијата и неправедното богатство. Утре можеби ќе биде подобро, но денес не е. Твојата неделна плата е утеха, но ти си без глас, сакаш да кажеш многу работи, но мозокот ти се испречува. Не си сам, на сите ни е исто, збунети сме и покорни... ненадеен крај!

Без контрола.

NO CONTROL / БЕЛЕШКИ ОД СЛУШАЊЕТО

05 Automatic Man 1:40

тој е суперхерој со длабоки моќи, безумен модерен човек со бесмислен живот, тој е Автоматскиот човек и тој е мртов. Бенг-бенг! Тој е твојот пријател – си го сретнал сигурно, пуши три кутии цигари дневно и нема оригинални мисли. Но, живее без грижи. Тој е обичниот човек – тој е твојот брат!

06 I Want to Conquer the World 2:19

дали си толку морален колку што велиш? Дали имаш сочуство како што глумиш? Дали науката е поморална од религијата? Дали ни треба нова религија? Крај на сиромаштијата и нееднаквоста! Дали е возможно или е само шега? Политиката ги расплакува децата, а моралните војници први праќаат луѓе да гинат. Нечистотијата е насекаде, китови умираат, планетата страда, дали некогаш ќе има мир на светот?

07 Sanity 2:44

песна со побавен ритам за да си го зачуваме менталното здравје. Стрелките на часовникот се скршени. Безлични лица насекаде, збунетост како основна состојба на умот и постојан сомнеж. Тешко е да бидеш разумен во свет кој постојано се менува! Веруваш ли во разумот? Ја гледаш ли сенката на ѕидот? Депресија те фаќа, постојано се сомневаш во себеси независно од тоа што правиш. Но, ако веруваш во разумот ќе бидеш посилен – веруваш ли во него?

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.06.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2559

Bad Religion

Скопје, скејтери, Це-Ка, Big Bang! #2

БЕРТ СТАЈН



Во првиот дел на кратко зборував за албумот No Control на панк-рокерите Bad Religion и како тој се одрази на една генерација скопски панкери и скејтери.

Во овој текст продолжувам во истиот стил, ги пренесувам моите импресии и пораките од музиката во моментот додека ги слушам песните – брзо, бесно, хардкорски! За поцелосно искуство се препорачува слушање на песните, достапни во оригиналната веб-објава.

01 **“It Must Look Pretty Appealing” (1:23)**, дали уживаш во плодовите на сопствената работа? Има милиони како тебе. Мора да ти е супер додека сонуваш за тоа што прават другите луѓе. Но, храната е пластична, медиумите ти го трујат мозокот. Мислиш дека животот ти е едноставен? Но, зошто тогаш се плашиш од поинаквите луѓе?

02 **“You” (2:05)** , песнава потсетува на американска верзија на интрото на емисијата на Бранко Коцкица... „У свету постоји једно царство“... Но, всушност е дистопија. Тоа е место каде сите се во право. Дури и тие кои грешат. Вечноста е проклето долго време! Ти ми го избои светот, а јас немам разредувач да ја исчистам бојата... И не можам да заборавам!

03 **“Progress” (2:14)** е еколошка песна која прашува која е цената на напредокот. Нема ништо повеќе да се освои. Сè е уништено! Сите сме дел од тоа, дали сите сме убијци? Напредокот е нашата порака кон иднината која ја нема. Загадувањето е насекаде и има премногу луѓе. Но, сите ќе платиме за напредокот!

04 **“I Want Something More” (0:47)** , поседувањето ги убива сите од памтивек, но јас сакам повеќе! Насекаде отпад од нашите недела, дали има разум?... сакам повеќе!

05 **“Anxiety” (2:08)** , сè е во бавно распаѓање. Анксиозноста е сеприсутна, не можеш да ја потиснеш, таа нè уништува, но го храни обичниот човек, таа е основа на општеството! Трчај како лудак, за подобро утре, има ли лек? За што сме бесни? Сакаме повеќе од другиот човек! Бараме вистина, пари? Сите завршуваме исто, сите подлегнуваме на анксиозноста, таа е основа на општеството.

06 **“Billy” (1:54)** , приказна едно за топло лето и за многу ладни лимонади. Еден Били имал мисла која го движела, но немал истрајност и животот му изминувал од час во час. Пораснал и темнината го обземала, го удрила како цигла, не можел да го скрши ланецот, лаел на месечината и ја фрлил иднината за игла и лажица. Трагично потрошен живот, од ден за ден светлината стивнува...

07 **“The World Won’t Stop” (1:57)** , Светот нема да застане без тебе! Ти си производ на милионите години еволуција, запамети го тоа! Ти си делче од хаосот, ти си род со сите живи организми, сè се движи постојано и нема да застане без тебе!

Нашиот џекси застанува шука, а музиката продолжува да живее!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 06.06.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2567

Кога Miley Cyrus и Nine Inch Nails би имале дете, тоа би се викало Black Mirror

БЕРТ СТАЈН / 19 ЈУНИ 2019

Скирол со флуоресцентни кочници и илустрација на некој пурпурно-неонски слаткаст лик од 80-ти, на кој сестра ми подоцна на мое барање ќе преслика слика од Еди, маскотата на бендот Iron Maiden. Книга „Мистерије света“ од Артур Кларк, единствената книга која татко ми ми ја подарил некогаш, и единствената книга која ја имав прочитано. Мојот бе-ем-икс велосипед со лепенката „лош возач“ на седиштето на кој се учев да возам како децата од филмот „И-ти“, касета со албумот Sonic Temple на The Cult и Seventh Son of a Seventh Son на Iron Maiden, тоа беа единствените нешта кои ги донесов со мене од моето родно место Сараево. Всушност, само тие работи ми значеа.

Во 1989 прв пат бев во МК, а можеби беше и вторпат, но кој знае, животот ми беше толку испрекинат што може и да го живеел некој друг, поинаков лик со друго име кој ви ја раскажува приказнава. Тогаш веќе почнав да се однесувам поинаку и да не припаѓам во моето друштво во БиХ, почнав да слушам металска музика и да зборувам чудно. Тоа беа почетоците на моето неприпаѓање никаде.

HEAD LIKE A HOLE → ON A ROLL

1989 → 2019 / ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ПОДОЦНА

Но, во 1990 конечно дојдов во МК, а само неколку недели претходно стоев зачуден пред екранот на телевизорот во дневната и со дедо ми го гледав спотот Epic на Faith No More, додека молњи го параа воздухот заедно со гитарските рифови. Се разбира, тој гледаше сè што и јас, а јас гледав се со него, дури и Electric Blue. Сега стоев пред друг телевизор, во друг град и друга држава, а Head Like A Hole на NIN ме облеа со емоции на тинејџерски бунт и збунетост од спот во кој музичарите беа заплеткани во нешто што личеше на кабли или ленти од касети. Мојот нов другар кој слушаше панк и хардкор ме запозна со овој бенд, а јас под влијание на сестра ми почнав да цртам на хартија, по ѕидови, по сопственото тело и насекаде...

„Дали дома црташ по масите?“ ме праша наставничката. Веќе не ме сакаа заради мојата предолга коса, а јас мечтеев да си ја избричам косата од страните како пејачот на NIN, или на Pantera, и посакав да одговорам „Да!“, но немав храброст за двете работи. Вистината беше дека дома на работната маса беа напишани имињата на сите мои омилени бендови, со пенкало, не со молив, заедно со цртеж на големи нокти и до нив „Nine Inch Nails“, зашто во мојата детска потреба да бидам поголем од тоа што бев и посериозен од тоа што можев да бидам „Nails“ го разбрав како нокти и тоа за мене беше сосема логично. Еди имаше големи нокти, како и сите ѕверови и зомбија од омотите на металските бендови. Масата беше истругана, преработена за посериозните години и децении кои допрва дојдоа, но музиката не избледеа во мојот живот.

2019. Триесет години подоцна. Светот е поинаков. Miley Cyrus во улога на Ashley O во последната епизода Rachel, Jack and Ashley Too на Black Mirror, ја обработи песната на NIN Head Like A Hole и ја нарече On a Roll. И така долгите нокти ги заменија шајките, но ако на Trent Raznor тоа му се допаѓа, кој сум јас да се бунтувам!


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 19.06.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2757

БАТЕРИ АЗИЗ!

БЕРТ СТАЈН



Во златното време на македонските телевизии како Амазон, КРТ, Шутел, БТР и други, вообичаени беа појавите како: линии по екранот од потрошена лента, филмови без реклами или филм прекинат со половина час реклами по што следи друг филм – вработените едноставно заборавиле да го пуштат понатаму.

Освен тоа, преводите беа легендарни и извесни пропусти беа пренесувани со генерации, па дури и до ден-денес. Таков е случајот со филмот „Вистински лаги“ (1994) и со типизираните терористи од блискиот исток кои сакаат да ја кренат Америка во воздух.

„Брате Азиз!“

Да го заборавиме за момент тоа дека американската надворешна политика кренала многу повеќе земји во воздух и да се навратиме на мигот кога главниот терорист, Азиз, ја изнесува неговата “death to America” порака, додека снимателот со треперливи раце и пот која му се слева по лицето ја спушта камерата со потрошена батерија и изјавува: „Battery Aziz!“.

Самата сцена која е култна ја надминува само преводот на телевизија „Амазон“ кој гласеше: „Брате Азиз!“ и токму во оваа форма е пренесуван низ генерациите млади кои раснеле во 90-тите години во Скопје, а кој знае можеби и денешното „брат“ кое го употребуваат младите е дериват на тоа.

Се разбира, денес е друго време и тоа „брат“ произлегува од претераната американизација на нашата средина и на светот. На нам другите кои сме виделе поинаков свет останува да пренесеме по некоја анегдота од изминатите времиња, пред да се изгубат како „солзи во капки дожд“.

Но, се чини дека и времето на дотраените батерии е при крај! – особено кога станува збор за батериите за автомобили. Илон Маск објави дека Тесла има создадено батерија со животен век од 1 милион милји (околу 1 милион и 600 илјади километри), што е доволно 40 пати да се заобиколи Земјата. Тоа значи дека автомобилот ќе треба да биде сменет пред да дотрае батеријата. Возбудливи времиња!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 11.09.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3224

Одиме во



БЕРТ СТАЈН

Во ерата на интернетот и сајтовите како Yelp (сајт каде што корисниците можат да остават критики за локали) и социјалните медиуми, секој може да посети некои место и да стане негов критичар. Во тој дух и авторот на овој текст се појавува во улога на „не толку критичар“, колку што станува збор за „еден типичен текст на Берт Стајн во кој се раскажува за музиката, културата и минатото, а преку таа призма се прави паралела со сегашноста“.

За што всушност сакав да ви зборувам? За тоа дека во последните денови одам се’ почесто во рок барот „Круг“ кој од некоја причина (четирите букви, знакот, атмосферата, музиката!?...) честопати грешно го нарекувам „Дорс“, магично место познато на постарите алтернативци од 90-тите години на минатиот век. Секако, тие кои ги следат моите писанија, знаат дека тие се носталгични по таа ера, па не очекувајте и ова да биде поинакво!

90-тите / денешнината

Во 90-тите во Скопје имаше многу места каде што алтернативната младина можеше да се издува, преку Багдад-кафе, Дорс, Џаџо, 21, до Њу Еџџ, Зизи, Мјузик Гарден, Енерџи, СФ и други. Денес овие места се реткост, но и алтернативците се реткост исто така. Можеби делумно заради хипстерското движење во кое тетоважите станаа мода, што само по себе е парадоксално, бидејќи модата е минлива, а тетоважите постојани. Порано долгата коса значеше бунт, неприфаќање на работите, поинаквост и ретко кој се решаваше да се избричи под долгата коса, а кога го правеше тоа беше инкарнација на Фил Анселмо од бендот Пантера. Денес, секој „турбофолкер“ (во однос на начинот на однесување и ставот кон животот, не нужно во однос на музиката која ја слуша) може да пушти брада, да направи „мен-бан“ и да се истетовира. Денес и децата во основно училиште (видено од авторот на текстов, и тоа во трето одделение) си ја фарбаат косата во сина боја, а порано тоа значеше укор или бркање од средно училиште. Но, времињата се менуваат и не би сакал да звучам како некој кој се плаши од промените. Драго ми е што сме во тек со светските трендови, макар тоа и да се однесува само на фризурите, па преку тоа белким ќе стигнеме и до уметноста, науката или екологијата. Но, да не се вртам многу во круг и да преминам на поентата.

БАГДАД-КАФЕ / ДОРС / ЏАЏО / 21
ЊУ ЕЏЏ / ЗИЗИ / МЈУЗИК ГАРДЕН
ЕНЕРЏИ / СФ

Саундтрак на животот.

Во „Круг“ на горниот кат има една убава долга дрвена маса без ногарки, потпрена на sидовите, за каква што отсекогаш сонував да имам по дома, и на неа се создадени некои од моите текстови, како на пример овој! Не знам зошто, но кога седнувам во некое кафуле, креативноста избива од мене како несопирлива река, а јас само ја следам, се препуштам на текот без отпор. Честопати се прашувам што е тоа што ме мотивира да создавам кога сум опкружен со звуци и движење, кога во животот спротивно од тоа, сакам осаменост, повлеченост и препуштеност на сопствените мисли.

Да, во животот е потребна хармонија и рамнотежа ако сакаме да бидеме креативни и продуктивни индивидуи за себеси и за општеството. Но, мене ми се чини дека ми (ни) е потребна и добра музика како подлога или своевиден „саундтрак“ на животот. Без неа животот, навистина, би бил празен, а музиката во „Круг“ ќе ве однесе во гранџ и панк-рок 90-тите преку Nirvana, Green Day, GNR, The Cranberries, REM, Lenny Kravitz, но и поназад кон рок звукот на 80-тите со Joan Jett, AC/DC, U2 или 70-тите и психоделични или хард-рок тонови на The Doors, Rolling Stones, ZZ Top, Eagles, Led Zeppelin, Jimi Hendrix, Queen и други. И додека соло гитарата во Whola Lotta Love го „кине“ воздухот во внатрешноста на кафулето, надвор во Аеродром загаденоста е на максимум. Ништо ново, нели. Ми се чини дека тоа е нормалната состојба на нештата во нашава државичка. Тоа е нашата реалност со која живееме, сакале или не. Секако зборувам за загаденоста, не за добрата музика.

„Круг“ е место за љубители на вистинска музика, љубезни келнери, макијато од 60 ден. прилагодено за џебот на народот. За другите ги оставам „кремските“ кафулиња и нивните скапи кафиња – се надевам зборов не го изгубил значењето во изминативе децении, а порано значеше „неалтернативци“, „конформисти“, „тие што слушаат популарна музика“. Освен набројаните нешта, кога ќе го посетите „Круг“, на горната голема маса ќе ве пречека и неодоливата, секогаш присутна и голема колку Библија, „Курс по општа хемија“ (1965) на бугарски јазик. Но, каква врска има хемијата со музиката? Како што хемијата, физиката и биологијата не’ учат, кружењето на нештата во природата е битна работа и без неа не би постоел живиот свет, така и во човековото општество е потребно старите нешта да се заменат со нови. Гранџот, карираните кошули и замрсените долги коси треба да бидат заменети со „мен-банс“ и хипстерски тетоважи и тоа е природно и нужно. Но, како што модата и музиката периодично се навраќаат наназад за да одат нанапред, преку т.н. ретро-стилови, така е потребно и на помладите да им се укаже на поинаквите времиња, ставови и начин на живеење. Тоа може да го наречеме кружење на нештата во културата, ако сакаме истата да живее и да биде плодна. Мојата мисија како писател е да го правам тоа преку моите дела и се радувам кога постојат места како „Круг“ да не’ присетат и на поинаквата музика и атмосферата на клубовите од поранешните декади, зашто модерниот живот понекогаш не’ заслепува со неговата брзина и потребно е да застанеме, да намалиме на 45-ка и да погледнеме околу нас. И тогаш можеби ќе станеме свесни дека плочата се врти во „Круг“!

Плочата се врти во „Круг“!


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 07.02.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=601

Лубеница или книга?

БРАНКО ПРЉА





Пред точно 10 години заминав од издаваштвото заради ниските плати и се префрлив во маркетингот. Во тоа време можеше да излезеш од продавница со сметка од 300 денари и со полна торба. Денес тоа е незамисливо.

Во меѓувреме се испробав во разни области и од неодамна решив дека љубовта ми е сепак во културата. Така се упатив на повеќе интервјуа по издавачките куќи со моето богато портфолио и желбата за работа. Бев изненаден кога дознав дека платите во културата се ИСТИ какви што беа пред 10 години.

Се обидов да проверам како стојат работите на пазарот на трудот, но повторно бев зачуден дека огласите за мојата професија се многу ретки, речиси непостоечки, додека секаде се бараат чувари, возачи, магационери, козметичари, продавачи, продавачи, продавачи...

Колку вреди културата?

И тогаш ми стана јасно дека културата не само што не е конкурентна, туку работите се полоши од порано кога барем независната култура живееше. А како може да биде конкурентна во општество кое живее на дното на „пирамидата на Абрахам Маслов“, од која знаеме дека – за да се интересираме за духовното мора прво да биде задоволено базичното.

Дали забележавте дека само во последната година пазарџиите драстично ги зголемија цените, заедно со мајсторите, фризерите, козметичарите, пекарите итн., а цените во продавниците се во постојан пораст по принципот „зготви жаба, а таа да не забележи“, додека просечната плата упорно и истрајно не мрда...

И како после сето тоа да зборувам за книги! Останува да го чекаме денот кога една книга ќе чини колку една (средно голема) лубеница во јули – всушност, тој ден веќе дојде!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 19.07.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2959

Futura

фонт за сегашноста и иднината!

БРАНКО ПРЉА



Фонтот Futura (1927) станал прочуен преку уметноста на Барбара Кругер која многу години подоцна извршила силно „влијание“ (да не кажеме дека ѝ го украле дизајнот) врз брендот Supreme а понатаму и врз Шепард Феири, дизајнерот на познатите Обама постери (заедно со влијанието од култниот филм They Live и кечерите).

Но, тоа што е можеби најфасцинантно за Futura е неговата историја преку неговиот создавач Пол Ренер, движењето Баухаус и тоа што го симболизирал – Германија и иднината. Нацистите, од друга страна, ја почитувале традицијата, а со тоа и традиционалните готички фонтови, со што Ренер станал нивен идеолошки и политички противник.

1927 / 1969 / 1980

Но, кога климата се сменила нацистите го прифатиле Futura, но за среќа овој фонт веќе станал интернационален и популаризиран како „фонт на денешнината и иднината“, па така се спасил од тоа да стане симбол на Нацизмот.

Иднината за овој фонт била светла, преку Фолксваген (VW), IKEA, Supreme, HP, Domino’s Pizza и Absolut vodka и други брендови, па сè до Стенли Кјубрик, филмот Американска убавина, серијата Лост и прекрасно чудниот режисер Вес Андерсон.

Но, тоа не е сè, кириличната верзија на Олимписките игри во Москва во 1980 била заснована на Futura, каналот РАИ и италијанската железница го користат истиот фонт, а во 1969 година фонтот бил на Месечината како дел мисијата на Аполо, на плакета која ја оставиле таму.

За тие кои сакаат да истражат подлабоко, ги оставаме теориите на заговор за врската помеѓу Стенли Кјубрик и мисијата Аполо, но тоа е веќе друга тема.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 20.02.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1176

Добро учење џезери...

БРАНКО ПРЉА

Постои музика за учење, но кога воедно од музиката може и да се научи нешто тоа е совршена комбинација. Јас, како дизајнер и писател, уживам да творам со музика во позадина, независно дали тоа е од моите слушалки или од кафулето во кое сум седнат да работам. Во такви ситуации не постои музика која ми пречи, но секако постои музика која ја преферирам. Во оваа прилика би издвоил три џез албуми како совршен саундтрак за работење интелектуални нешта.



ЏЕЗ / СОУЛ / ХИП-ХОП

Три албуми за творење

01 Alfa Mist

Antiphon

Британски музичар, кој преку хип-хоп и грајм (grime) стигнал до неговата вистинска љубов – џезот. Албумот е конципиран и испреплетен со разговори кои ги водел со неговите браќа. Мешавина на џез, соул и хип-хип, вистински меланхоличен албум... одлично за скопската „магла“.

02 Tommy Guerrero

No Mans Land

Културен скејтбордер со огромен талент за музиката! Албумот No Mans Land ќе ве однесе далеку во американските прерии во една џез-вестерн авантура со звуците на свечарките и ритамот на амбиентален хип-хоп. Звучи неверојатно (добро)!

03 Robohands

Green

Се враќаме во Англија! Музичар чие вистинско име е Andy Baxter. Албумот е мешавина од амбиентална музика, џез и хип-хоп, со примеси на биг-бит и џангл, жанрови кои се веќе класика на британската музика. Мазно возење!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.02.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=419

Cobra Kai

втора сезона

БЕРТ СТАЈН



Серијата Кобра Каи (Cobra Kai, 2018) е заснована на филмовите од серијата Карате Кид (Karate Kid, 1984). Дејствието се случува 34 години по првиот филм.

Серијата е интересен феномен кој спојува неколку клучни елементи за популарна и квалитетна приказна.

1) Носталгија – според статистиките најгледаната серија на Netflix не е некоја од актуелните модерни серии, туку – верувале или не – серијата Пријатели (Friends, 1994)

2) Ретро-сегашност – 80-тите се популарни! Тоа можете да го забележите по темните очила во стилот на еден друг Кобра, или по сериите како Stranger Things (2016) или Black Mirror: Bandersnatch (2019)...

3) Поинаква гледна точка – ако во филмовите од серијата Karate Kid сме ја гледале приказната од очите на Даниел, тука ги гледаме работите од аспект на Џони. Тоа носи свежина во приказната.

4) Повеќедимензионални ликови – Двата главни ликови, како и придружните, не се еднодимензионални ликови како во американските филмови од 80-тите и 90-тите. Тие се луѓе од крв и месо, со сите нивни предности и недостатоци, а тоа младата публика го сака. Нивната телевизија е YouTube, домашни снимки од реални луѓе.

5) Возбудлива приказна – Приказната ги спојува сите досега споменати точки во возбудлива мешавина совршена за гледање на целата серија на екс!

БОНУС клучен елемент: Анти-херој

Веќе споменавме дека приказната ја гледаме од поинаков аспект, но клучното е чиј аспект? Го гледаме Џони Лоренс како од популарно момче станува „губитник“ и алкохоличар, разведен и разочаран, но полека ја враќа контролата врз сопствениот живот и станува победник.

А знаеме дека архетипскиот американски лик е тој кој по голема трагедија и наспроти сите превирања на крај успева, за разлика од европската филмска традиција во која ликот се соочува со навидум безначајни пречки кои во текот на дејството растат и на крај го победуваат – зашто тоа е животот.

Сепак не, животот и реалноста се Америка, сите, сакале или не, ја гледаме со нивната призма – тоа е моќта на медиумите.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 11.04.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1937

Black Mirror

или

The Twilight Zone?

БЕРТ СТАЈН

1959 / 2019

Серијата Black Mirror е возбудлива, непредвидлива, интригантна и намерата на креаторите да шокираат е повеќе од очигледна.

Епизодите како “Hated in the Nation“, “Be Right Back” или “Nosedive” ги истражуваат модерните проблематики на роботиката, вештачката интелигенција или социјалните медиуми.

Кинематографијата и специјалните ефекти се на високо ниво, во согласност со модерните серии чии епизоди се повеќе наликуваат на висококвалитетни филмови. Но, се поставува прашањето, дали се крие нешто повеќе зад модерните теми и скапите специјални ефекти. Помеѓу Black Mirror и Зона на самракот (The Twilight Zone, 1959) можеме да пронајдеме многу сличности.

Се разбира дека оригиналната црно-бела серија се занимавала со актуелни тематики, но таа воедно и најчесто истражувала прашања кои се суштински за човековата природа, примарните стравови, дилеми, егзистенцијални прашања. Кои сме, од каде доаѓаме, каде одиме...

Епизодите како 'TIME ENOUGH AT LAST' (1959), 'IT'S A GOOD LIFE' (1961) или 'THE MONSTERS ARE DUE ON MAPLE STREET' (1960) се разбира немаат толку техничка совршеност, но создаваат атмосфера која допира на едно многу посуштинско ниво.

Black Mirror ми се допаѓа, но ако морам да бирам, Зона на самракот е мој фаворит, се разбира оригиналната сезона, а не разните римејкови, воедно и најновата The Twilight Zone од 2019 година. Иако се работи за дело на Jordan Peele, мрачниот ум зад оригиналното и креативно хумористично дуо Key & Peele (2012–2015). Проценете сами.


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 12.04.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1955

Дистопија, роботи и смрт!

БЕРТ СТАЈН



Како ви звучи „Дистопија, роботи и смрт!“, наместо „Секс, дроги и рокенрол“?

Со легализирањето на марихуаната во светот, ТХЦ и ЦБД маслата, медицинските препарати на база на канабис, популаризирањето на Ayahuasca церемониите, ДМТ триповите и ЛСД микродозирањето се чини дека светот навлегува во втора „хипи“ ера која ќе предводи кон посветла иднина.

Но, да не заборавиме дека децата на цвеќето станаа возрасни луѓе кои го предводеа светот во корпоративно ропство, опседнатост со материјалното и создадоа свет кој е толку далеку од духовноста и слободата на духот за кои се бореа, што се чини дека е негова спротивност – се чини дека се наоѓаме од другата страна на реалноста.

Дрогите ја искривуваат реалноста и создаваат перцепција за нештата кои не постојат. Свеста не би постоела кога не би ни требала. Единствено нешто од што би требало да бидеме зависни е уметноста и науката.

Кога човек се напрегнува до границите на креативната издржливост добива шанса да sирне низ огледалото во вистинската реалност и по враќањето од оваа страна на реалноста може да даде една уникатна слика на општеството, луѓето, природата и постоењето и да предупреди каде води современиот начин на живот.

Трејлерот за новата сезона на Black Mirror е достапен во оригиналната веб-објава на Арно.мк.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 18.05.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2366

Искривеното огледало

на социјалните медиуми

ИСАК СИМА



Целиот свет е огледало на младите. Во тоа огледало тие може да најдат многу одрази, други луѓе, сцени од животот и идоли со кои се идентификуваат.

Во денешно време бројот на огледалата е бесконечен, а сето тоа е благодарение на интернетот. Условно речено, тоа е најголемиот изум во човештвото кој овозможува брзо и лесно разменување на идеи и информации, а преку социјалните медиуми се претвори во чудовиште – Хидра со бесконечен број глави кое нема да застане додека секој човек на планетата не стане негова копија.

Тоа чудовиште е агентот Смит, од филмот Матрикс , кој се самореплицира додека не го претвори целиот матрикс во негова копија, но тогаш неминовно доаѓа прашањето „Кој сум јас?“ и во моментот на себесознание доаѓа до самоуништување. Тоа е опасноста која ги демне сите луѓе денес, особено младите.

Сите социјални медиуми, да не се лажеме, во својата суштина се егоистични и анти-социјални. Фејсбук му наметнува лажна слика на светот за неговите корисници, но набрзо се покажа како корисна алатка за здружување на луѓе со слични интереси, за социјален активизам и потенцијална промена во општествата каде што се оформуваат. Сепак, елементот на „видете ме“ останува доминатна карактеристика на овој медиум.

Од друга страна, Инстаграм е алатка за само-промоција, како и Твитер, кој не доживеа особен успех кај нас. Сепак, Твитер бара креативност, умешност во користењето и економијата на зборовите, додека Инстаграм бара одредена доза на егоманијакалност од корисникот измешана со чувство дека светот е должен да ги гледа неговите неуморни, упорни и нападни селфија или места кои ги посетува.

Гледачот на Инстаграм не го интересира твоето внатрешно чувство или идејата која сакаш да ја споделиш, туку само површното, а површината на огледалото е издеформирана и невистинита, разубавена со филтери и вештачки уредена. И како таков, совршено се вклопува во нашата средина и, денес, е попопуларен од сите други медиуми.

„Кој сум јас?“

Постарите медиуми кои во Македонија сè уште имаат значителна публика не се ништо подобри. Телевизиските пакети имаат стотина канали кои нудат уште повеќе огледала. Идолите се менуваат секојдневно, од турските серии, кон политичките небулози, преку нашите домашни/регионални ток-шоу „херои“ ... да не набројуваме за да не им даваме дополнителен глас – а ги знаете. Сите ја нудат онаа забава која му е потребна на духот кој нема време да се задлабочува, туку бара моментално задоволување, само едно притискање на копчето на далечинското или „swipe“ со раката преку екранот.

На крај, да не го заборавиме и Јутјуб , моќна алатка со потенцијал да ги замени сите други медиуми. Тој беше замислен како „лична телевизија“, ако зборот „тјуб“ го преведеме со цевка, тој е катодната цевка која не само што е насочена кон твоето лице и е наменета само за тебе, туку и го проектира твоето лице на светот. Зборовите на уметникот Енди Ворхол кои станаа многу попророчни од сите негови дела, „во иднината секој ќе биде познат по 15 минути,“ се чини дека се однесуваат исклучиво на новиот вид човек – Хомо Сапиенс Јутјуберис. Јутјуберите се насекаде (како агент Смит!) и да – тие заработуваат повеќе од докторите!

Не е ни чудо што денешните деца се изгубени во светот на бесконечните огледала како Алиса во земјата на чудата и прашање е какви ќе излезат од целата авантура и дали ќе научат нешто за себеси, за другите луѓе и за светот или ќе останат изгубени во светот на илузиите.

Бесконечни огледала.



Изгубени во светот на илузиите.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 12.06.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2631

Tesla

vs. Тесла

БРАНКО ПРЉА / ПРВА РУНДА



Поводот е една реклама направена од фан на Тесла (и на Тесла), достапна во оригиналната веб-објава.

Колку и да е интересна, сепак е грешна на неколку нивоа. Да објасниме.

Познато е дека самиот Илон Маск, на прашањето „Тесла или Едисон“, на разочарување на сите идеалисти одговорил „Едисон“, иако неговата компанија го носи името на генијалниот и несреќен научник Тесла. Сепак, за оние кои се интересираат повеќе, Илон Маск всушност не е основач на компанијата Tesla .

01 / ГЕНИЈ И БРЕНД

Но, ако размислиме подобро, одговорот на Маск е сосема логичен. Никола Тесла бил неоспорно генијален, неговите пронајдоци го сменија светот, но во областа на промоцијата и пробивањето на неговите идеи во однос на Едисон, Тесла бил перо-лесна категорија, додека Едисон „непоразен неоспорен шампион во тешка категорија на светот!“

Едисон бил подготвен да убива животни за да покаже колку е опасна алтернативната струја на Тесла, иако таа била поефикасна од директната струја на Едисон, а веројатно и самиот го знаел тоа.

Тој не ја измислил светилката, но крвнички се борел да произведе комерцијална верзија, со помош на тимот безимени научници кои работел во негово име, и успеал. Денес светот го памети Едисон како изумител на светилката, додека Тесла не е запамет ни како инвентор на неговите сопствени изуми – пр. радиото.

Затоа, Маск е „за“ Едисон, наместо Тесла. Се разбира, тоа не го оспорува значењето на Маск, но појаснува многу нешта за тоа како функционира светот.

За крај, некој кој е фан на Тесла би требало да знае дека слоганот „For the mad scientist in us all” произлегува од само уште една неправда нанесена на Тесла. Од каде произлегува митот за лудиот научник Никола Тесла, следува во втората рунда на Tesla vs. Тесла.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 15.04.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1983

Тесла vs. митот

Tesla vs. Тесла, втора рунда

БРАНКО ПРЉА / ВТОРА РУНДА



Во првиот дел (првата рунда) на овој текст зборувавме за една реклама направена од фан на Тесла (и на Тесла).

Зборувавме за „гревовите“ на рекламата, како и за слоганот „For the mad scientist in us all” и прашавме „од каде произлегува митот за лудиот научник Никола Тесла“?

Митот произлегол од пропагандата на Едисон, како и од медиумите, како што е филмот. Се сеќавате на анимираниот филм Супермен и епизодата со Тесла?

02 / СОМНЕЖ И ПРОПАГАНДА

Никола Тесла е претставен како луд научник кој сака да го уништи светот. Вистината е дека тој бил ексцентричен, колку што бил и Леонардо да Винчи или Исак Њутн, но не бил луд, ниту сакал да го уништи светот. Неговиот труд на полето на оружјето било со цел да се спречат војните, наместо да се војува. Кога веќе го споменавме Леонардо да Винчи, тој самиот имал еден голем арсенал од оружја наменети поефикасно да убиваат луѓе, па никаде во историјата не е споменат како луд уметник.

Некогаш некои работи остануваат во човековата психа долго време откако ќе се покажат како неточни, како верувањето дека ниското чело е знак на недостиг на интелигенсија, што потекнува од френологијата на Franz Joseph Gal , одамна надминатa теорија, која имала интересен позитивен ефект на науката од аспект на докажување дека одредени делови од мозокот имаат одредена функција. Тврдењата дека челото или формата на главата имаат влијание на психичките функции одамна е надминато. Сепак, тоа останало врежано (во челото?) на луѓето.

Како заклучок од оваа приказна би ве оставиле само со идејата дека е битно да се биде скептичен и да не се прифаќа се што ќе се види, прочита, слушне... всушност – време е да ги испитате тврдењата од овој (и првиот) текст!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 16.04.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1989

Силиконска долина

или ЛСД долина!?

БЕРТ СТАЈН



Дали знаевте дека во Силиконската долина и технолошкиот свет во САД во последниве години е популарно микродозирањето со ЛСД?

Прашањето е зошто луѓе кои треба да бидат луцидни, сконцентрирани на задачи и пред се практични би земале психоактивни супстанци кои ја менуваат свесноста и перцепцијата на реалноста.

Одговорот е комплексен. Во ера во која натпреварот е клучен збор доаѓаме до ситуации во кои берзата веќе не ја водат купишта бизнисмени кои се надвикуваат на цел глас „купи-продај!“ како што ни е познато од филмот Wall Street (1987) или кој било друг филм на таа тема од 1990-тите.

Денес со тргувањето раководат супер-компјутери и алгоритми кои се дел од т.н. „ алгоритмичко тргување “ или „ тргување со висока фреквенција “. Веќе не се работи за брзината со која берзантот ја крева слушалката, туку до близината на компјутерите до берзата, зашто тргувањето се мери во милисекунди, а кога податоците патуваат низ пократок оптички кабел тоа може да овозможи предност.

Слично на тоа, луѓето кои работат во технологијата се под огромен притисок за иновација, креативност, брзина и остварување на очекувањата на милионите луѓе низ светот кој чекаат нова апликација, нов телефон, нов компјутер со најсовремени карактеристики подобри од претходните.

Идеите не паѓаат од дрво (извини Њутн:) туку се производ на голем труд, истражување, здружување на умови, експериментирање, непроспиени денови, недели и месеци жртвување на приватниот живот, итн. Но и покрај сите напори можно е да ви недостасува онаа искра, визија или генијална идеја која ќе ги смени нештата.

Познато е дека Стив Џобс и Бил Гејтс експериментирале со ЛСД во младоста, но не значи дека тоа е причината за нивната генијалност. Алберт Хофман , првиот научник кој го синтетизирал ЛСД, зборува за своите искуства во својата книга „ ЛСД, моето проблематично дете “. Ризиците од употребата на оваа супстанца се големи, губењето на чувството за реалноста, развивањето на шизофренија или други форми на психички пореметувања се чести.

Сепак, новиот тренд за микродозирање со ЛСД зборува за тоа дека луѓето кои се занимаваат со технологија веруваат дека оваа супстанца ќе им помогне во потрагата по оригинални идеи, креативност и инвентивност. Целиот тој “safe” пакет, според пропонентите на оваа идеја, се добива без губење на чувството на себеси и измена на перцепцијата на реалноста.

Сепак, можно е дека се работи само за нов плацебо-тренд кој, како и хомеопатијата, им помага на луѓето по принцип на авто-сугестија, т.е. зашто самите веруваат дека им помага.

Ако сте заинтересирани за оваа тематика, прочитајте ја оваа статија каде исцрпно е истражено прашањето за тоа дали се работи за вистински или замислен ефект.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 16.05.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2350

Борба на идеологии

„Дај, не фрлај“ vs. „Black Friday“!

АРНО.МК



Пред три години ги поканивме луѓето на Фејсбук на едно патување во непознатото наречено „Дај, не фрлај“. Не бевме сигурни каде одиме, но знаевме што сакаме.

Денес, на „Black Friday“, славиме три години од основањето на таа група. Групата почетно е основана како контрапункт на овој празник и сè што претставува тој – претеран консумеризам, натрупување на непотребни нешта и негрижа за околината.

Сакавме да создадеме едно место кое не постои во реалниот свет и ни се чинеше дека виртуелниот е вистинско место за такво нешто.

Сакавме да создадеме заедница во која луѓето ќе се грижат едни за други и за околината, а тоа го прават преку подарување на работи кои не ги користат, а се во добра состојба – наместо да ги фрлат, ќе ги подарат на некој со што тој нема да купува ново.

Сакавме да направиме група во која луѓето ќе можат да подарат нешто и да бидат сигурни дека ќе остварат личен контакт со личноста на која подаруваат. Тоа треба да наликува на „наследување“ на работите од родители, постари браќа и сестри, роднини или пријатели. Систем на доверба и споделување, не затоа што мораме, туку затоа што сакаме.

Сакавме да им кажеме на тие кои имаат потреба од нешто да не се срамат, туку да побараат, дури и да не им е неопходно. Ако некој има, а не му треба, можеби ќе им подари. Групата не е хуманитарна и не прави дискриминација по никој основ.

Сакавме да создадеме движење и денес има повеќе од 30 вакви групи, нè имаше по весници и емисии, а нашето име „Дај, не фрлај“ станува синоним за подарувањето.

Вие проценете дали успеавме, а ние им благодариме на сите членови кои беа со нас сите овие години на ова патување во непознатото, зашто тие се заслужни за сè што постигна групата.

Патем речено, славиме и 40.000 членови, па со среќа!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 29.11.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3505

За реинкарнацијата и екологијата!

ИСАК СИМА



Реинкарнацијата има смисла и животот е бесконечен! Но, сепак може да биде конечен, зависно од тоа каде ќе се најдеш...

Да објасниме. Реинкарнацијата е термин кој се поврзува со индиската филозофија и во основа се работи за преселување на душата (нематеријалното и вечно) од една форма во друга (материјалното и конечно). Така човек станува полжав, а полжавот дрво, дрвото мајмун, а мајмунот човек...

Но, што ако под реинкарнација се подразбира смрртa на телото кое е составено од интегрирани атоми, клетки, ткива и органи, и нивно распаѓање на составните честички, кои потоа стануваат дел од почвата, дрвјата, тревата и кравите, а преку нив до луѓето (ако не преку кравите, тогаш преку оризот) или преку подземните води, до реките, океаните и рибите?...

Ќе станеме едно со ѓубрето!

Можеме да дадеме безброј примери, но пораката е иста – сè што постои во природата (или на Земјата како затворен систем) кружи и е поврзано! Тоа истовремено значи дека еден ден сите ние ќе станеме едно со ѓубрето кое го фрламе.

Затоа да внимаваме што фрламе, не би сакале да се реинкарниране во мутирана риба или дрво без шанси за опстанок, нели!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 04.10.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3318

Дилемата на Хајзенберг!

АРНО.МК



Можеби ви е познато презимето Heisenberg од културната серија Breaking Bad, но презимето е позајмено од научникот Werner Heisenberg.

Се работи за контроверзен научник со сомнителни морални вредности, но воедно и автор на еден од најпознатите принципи во физиката – принципот на несигурност (1927) кој продрел во популарната култура на ист начин како „мачката на Шродингер.“

Принципот во основа вели дека не можеме да ја одредиме положбата и брзината на една честичка во исто време затоа што таа има двојна природа која го оневозможува ова, а самиот чин на мерење ја менува честичката.

За дополнително објаснување на принципот на несигурност, во оригиналната веб-објава е достапно видеото „What is the Heisenberg Uncertainty Principle?“ од Chad Orzel.

Но, што е со нашиот Хајзенгерг од серијата Breaking Bad? Серијата се поигрува со човековата желба да биде еден „актуелизиран човек од пирамидата на Абрахам Маслов“ или „суштество кое тежнее да се оствари онакво какво што навистина е“, според Kurt Goldstein, но најдобрата дефиниција ја дава Carl Rogers според кој самоактуелизацијата е остварувањето на она чувството кое го имаме за „себството“, независно од општествените или моралните норми.

Тоа не доведува до проблематичен заклучок кој може да оправда секакво дејствие на индивидуата, што е тезата на серијата, а секако и објаснување зошто главниот лик го зема името Хајзенберг, како брилијантен научник со сомнителни морални вредности.

ПС: На истата тема е интересна улогата на хемичарот Fritz Haber кој имал голема улога во создавањето на вештачките ѓубрива кои се вклучени во производството на храната за половина од човековата популација, чин кој спасил милиони животи од глад. Истовремено овој научник се смета за „таткото на хемиското војување“, чин кој одземал милиони животи. Науката не е едноставна, друштво!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 31.12.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3637

Како да останеш ментално здрав

во светот на медиумското лудило!?

ИСАК СИМА



Денес во светот постојат многу медиуми и нашиот (индивидуален) светоглед не е веќе обликуван од еден теливизиски или онлајн канал.

Но, како да се знае вистината во свет со бесконечно верзии на вистината? Одговорот е дека не може да се знае, барем не со голем процент на сигурност.

Ако му веруваме на принципот на несигурност кој владее со квантниот (микроскопски) свет, а неговата манифестација е макроскопскиот свет – оној кој го гледаме и доживуваме, тогаш несигурноста е во самата природа на вселената.

Сето тоа значи дека живееме во најдобриот од сите можни светови и треба да ги искористиме неговите предности. Ако имаме пристап до интернет и сме просечно (само)критични, креативни и интелигентни (а нели во нашата земја сите луѓе се такви), тогаш ви пренесуваме еден прирачник за тоа како да останете ментално здрави во светот на медиумското лудило. Во духот на филозофијата на модерниот западен шаман Карлос Кастанеда , тоа би можело да се преведе вака: како да постигнеме повисока свесност преку т.н. „контролирано дигитално лудило“.

КОНТРОЛИРАНО ДИГИТАЛНО ЛУДИЛО

01 Вилем Флусер вели: „Медиумот е пораката“, ние велиме „Медиумот нема порака.“

02 Целта на медиумот е да опстане, по секоја цена.

03 Не верувај никому! Направи свој медиум и шири твоја вистина, таа нема да биде поневистинита од сите други.

04 Пренесувај пораки во име на толку личности колку што идеи имаш, единствен начин да се остане ментално здрав во модерното општество е шизофренијата.

05 Во природата на медиумот е да се самореплицира, ако вреди твојата порака ќе го направи истото.

06 Социјалните медиуми се експеримент на вештачката интелигенција за да прибира информации за однесувањето на луѓето, збуни ја со парадоксални изјави!

07 Содржината не е битна, пораката нема суштина, медиумот постои само за да постои (види точки 1 и 2)

08 Ако медиумот се сврти против тебе, секогаш можеш да го избришеш

09 Ништо во дигиталниот свет не е вечно.

10 **Избриши, рестартирај, почни одново!**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 13.06.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2669

Република Паника

Хелекс Унија

БРАНКО ПРЉА



Свесни сме дека во Скопје станува се потешко да се дише. Советите на „државата“ се: „останете дома, не излегувајте надвор...“, по можност не дишете. Во такви услови е тешко да се зборува за дишењето, особено во контекст на нашата тема – панични напади.

Навистина, самата помисла на воздухот што го дишеме е доволна да предизвика панични напади, па како тогаш дишењето може да ни помогне да се опуштиме? Одговорот е, како и секогаш кога се прашуваме за духовни дилеми, во источните филозофии.

Медитацијата посветува особено внимание на дишењето и прво што се учи е како да дишеш. Ние нема да навлегуваме предлабоко во таа тематика и ќе бидеме практични. Паничните напади се епидемија во западните општества и многу луѓе страдаат од нив! Сè почести се текстовите во светските стручни списанија насловени како „ Анксиозна нација “, „ Занакс нација “ (кај нас преведено како „Хелекс нација“) или „ Генерација паника “.

Причините се, според мене, јасни – премногу информации во единица време за кои нашиот нервен систем не е еволуциски подготвен! Но, зачудувачки е дека многу мал број на луѓе знае дека постои многу едноставно решение за овој навидум комплексен проблем.

Секако дека има случаи кога се потребни медикаменти и дека секој случај не е ист со друг, но дишењето апсолутно може да помогне! И тоа со едноставна техника која се прави три пати дневно по пет минути , а се нарекува абдоминално дишење . Тоа придонесува да се активира парасимпатичкиот дел од нервниот систем и да се опуштиме – како бебиња! И навистина, бебињата дишат абдоминално. Просто е и функционира – обидете се, нема што да изгубите... освен паничните напади.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 10.02.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=729

Трагичната судбина на романтичниот поет Џон Китс

БЕРТ СТАЈН



Во доцните 1990-ти имав тазе девојка и мој личен проект беше да ја научам како да слуша музика. Тогаш уште слушавме касети и јас ѝ правев компилации од моите омилени бендови, а таа ги слушаше во нејзиното Југо 45, на враќање дома од град. Таа за возврат ме учеше како да читам и да разбирам поезија.

Признавам, не бев голем љубител на стиховите и иако самиот се обидував да пишувам „песни“, но тие секогаш наликуваа повеќе на раскази во стих. Во една прилика ѝ напишав поема и во годините кои доаѓаа таа велеше дека тоа бил пресуден миг во нашата врска. Еднаш ѝ купив збирка песни од Џон Китс, нејзиниот омилен поет и тоа беше подарок за паметење.

Џон Китс (1795 – 1821) починал од туберкулоза на само 25 години и бил еден од главните англиски романтичарски поети, заедно со Бајрон (Lord Byron) и Шели (Percy Bysshe Shelley). Сепак, додека бил жив не бил многу почитуван, но со текот на времето станал еден од најпознатите англиски поети на сите времиња. Дури и, според некои извори, најначитаниот писател, Борхес (Jorge Luis Borges), рекол дека неговата „средба“ со Китс била најзначајното литературно искуство во неговиот живот.

Ви пренесуваме неколку интересни факти за трагичниот романтичарски поет Џон Китс:

01 За време на кусиот живот објавил 54 поеми.

02 Бил висок само 152 сантиметри и имал црвена коса.

03 По разводот на неговите родители пател од хронична анксиозност. Подоцна во животот страдал од депресија која ја опишал како „непријатна отрпнатост која не ја отстранува болката на постоењето,“ а кога сакал да пишува за неа рекол дека ги чувствува рацете небаре „оловни“.

04 Не сакал да ги чита сопствените поеми во јавност.

05 Кога ги објавиле неговите дела, толку многу се срамел од необјавените рани поеми, што ги собрал на купче и ги запалил.

06 Бил верен на љубовта на неговиот живот, Фани (Fanny Brawne), но не сакал да се ожени со неа пред да се осигура финансиски дека ќе може да се грижи за неа. За жал, починал пред да го постигне тоа.

07 Откако се разболел морал да комуницира со вереницата преку стакло и преку љубовни писма, достапни преку оригиналната веб-објава.

08 Умрел во Рим, Италија, од туберкулоза, истата болест која ги однела животите на брат му, мајка му и татко му.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 17.06.2019

Дополнителните извори за овој трагичен лик и неговите идеи се наведени во оригиналната веб-објава.

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2763

Интернет на кубански начин!

БЕРТ СТАЈН

Ви текнува на времето пред интернетот? Ако сте биле од Скопје и сте сакале да слушате музика, сте оделе во продавница за касети или плочи, по можност Баги Шоп или Поп-Топ. Ако сте сакале да читате книга, а сте биле заинтересирани за нешто понеобично, тука беа Табернакул преку мостот на Вардар или изданијата на Темплум, а за истражување – трк до Универзитетска библиотека!

Можеби тоа ви се чини комплицирано, но времињата беа поедноставни, а слушањето музика не се сведуваше на неколку кликови, туку на премотување на касета со молив или нежно допирање на плочата со игла за да не се изгребе. Токму поради пренатрупаноста со информации денес не можеме да ги доживееме нештата интензивно и суштински.



Можеби во Куба се среќни поради ограниченият и бавниот интернет. Според видеото достапно во оригиналната веб-објава, во Куба постојат т.н. подземни трговци со податоци, што звучи како термин од книга на Вилијам Гибсон.

Според нивните зборови: „Еден тип собира серии, друг филмови, трет музика, итн. И така податоците се собираат додека не се наполни еден терабајт.“ Потоа главните трговци ги подготвуваат податоците за т.н. „неделен пакет“.

Видеото е сепак старо неколку години и не знаеме како стојат работите денес. Според Википедија има напредок во областа на интернетот на Куба, па се надеваме дека и Кубанците наскоро ќе бидат површни егоманијаци со животна желба да бидат јутјубери оптеретени со информации како нас!


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 20.04.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2077

Коцка, коцка, коцкица!


ИСАК СИМА





За разлика од дамнешните и безгрижни времиња кога децата од балканот го поврзуваа зборот „коцка“ со геометриско тело или со познатата емисија на Бранко коцкица, сега истото значи нешто сосема поинаку.

Коцкарници, кладилници, обложувалници или Казина, наречете ги како сакате, тие се насекаде околу нас.



Јас лично повеќе сакам книжарници, отколку коцкарници... но, кој ме прашува мене, нели. Од друга страна верувам дека постојат многу луѓе како мене, проблемот е што немаат глас.

Размислете вака – книжарниците да имаа толку многу профит ќе ги имаше насекаде, нели? Според истата логика, кога кладилниците би биле во загуба заради многуте добивки на нивните клиенти и тие не би постоеле насекаде. Проста логика... но, за жал со логика не се бори против зависностите, туку со закони и регулации насочени кон доброто на сите, а не за профитот на малкумина.

Ако именката е „комар“, зарем тогаш местото не е „комарник“, мрежа во која сите ние, како комарци, сме фатени... директно или индиректно, дури и никогаш да не сте влегле во еден таков „комарник“, сепак се чувствувате заробени од нив, бидејќи тие се насекаде.

Што останува за крај, освен да се потсетиме на уште една песна од едно поинакво време – „Божа звани Паб“ од Ѓорѓе Балашевиќ, достапна во оригиналната веб-објава.


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 07.06.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=2577

И што ако Земјата е навистина плоча?

АРНО.МК



Рамноземјаните (Flat-Earthers) се интересна толпа. Да речеме дека претежно се работи за луѓе кои имаат скептичен поглед кон сите „вистини“ кои потекнуваат од „мејнстрим“ медиумите. Дел од нив се секако фанатици, но има и доста разумни луѓе кои преживеале некаква (средовечна) криза и се во потрага по повисока вистина. Добра илустрација за тоа е видеото „Flat Earth rising“, достапно во оригиналната веб-објава.

Но, зошто токму ова верување е толку популарно ? За рамноземјаните тоа не значи назадност и навраќање кон надминати идеи, туку напротив, ако веруваш дека Земјата е рамна значи дека мислиш со сопствената глава.

Според нив, НАСА и „светската влада“ сакаат луѓето да веруваат дека живеат на една обична планета околу едно обично Сонце, во една типична галаксија какви што има милиони, па дури и милијарди. Ние сме само честичка во вселената и немаме значење, според што треба да работиме, да ги извршуваме своите обврски и да им служиме на елитните индивидуи кои го поседуваат знаењето, парите и имаат моќ над нас.

Кога веруваме во теоријата на Земјата како плоча, ние веруваме во нашата посебност, во интелигентниот дизајн и централната позиција на оваа плоча опкружена со топчести вселенски објекти. Ние сме посебни, според што нашите животи имаат посебно значење во вселената, не сме прав, не сме честички во вселената.

Овие идеи, прикриени како слободоумност, се всушност опасни за младите умови затоа што носат кон неприфаќање на науката и верба само во „сопствените очи“. Јасно е дека законите на природата не се секогаш препознатливи на прв поглед и дека било потребно генијалните научници да ни помогнат да ги осознаеме. А без тие сознанија би ја немало модерната наука, медицина, технологија и човековиот век би бил пократок и потежок.

Парадоксалното во овие верувања е тоа што „рамноземјаните“ во нивниот претеран скептицизам забораваат дека истите тие „влади“ и „елити“ кои ги обвинуваат за прикривање на вистината за т.н. плочата Земја, всушност прикриваат некои поголеми и поопасни вистини за еколошки катастрофи, геноциди врз цели народи, планирани државни удари, намерно затворање на невини луѓе и профит по цена на сè друго – здравјето, добробитта и иднината на обичните луѓе и на планетата Земја.

Кога само дел од таа енергија која ја вложуваат во докажување на тоа дека Земјата е рамна би ја вложиле во освестување на луѓето за дел од вистинските проблеми со елитите, корпорациите, моќниците и „светските влади“, светот би бил поубаво и посигурно место за живеење, независно од тоа дали е топка или плоча.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.04.2019


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1861

The Dirt

валкан биографско-музички филм

БЕРТ СТАЈН



Секој кој ја сака рок музиката слушнал за Mötley Crüe , но тоа не значи дека ги слушал. Тие, како и бендовите Van Halen , Kiss , Ratt и подоцна Skid Row или Poison , припаѓаат на т.н. hair metal жанрот од 1980-тите. Како што истакнува социологот Deena Weinstein, се работи за термин кој опишува комерцијални лесни форми на метал музиката.

Како што е прикажано во вториот дел на документарецот Падот на западната цивилизација (The Decline of Western Civilization Part II: The Metal Years , 1988), интересен проект на Penelope Spheeris , овие бендови оделе до екстрем во нивното хедонистичко однесување. Таа вистина е брутално прикажана во документарецот и тој придонел жанрот на „нашминканите мажи во дречливи хеланки со натапирани долги коси“ наскоро да падне во заборав.

Во документарецот Chris Holmes од бендот W.A.S.P. дава интервју додека целосно облечен лежи врз душек во базен и голта (три шишиња) вотка директно од шише. Покрај базенот седи неговата мајка и слуша како нејзиниот син е „целосен алкохоличар“ и како „една година турнеја одзема четири години живот“. Се работи за една од највпечатливите документирани илустрации на парадоксалната комбинација на самоуништувањето и егоизмот во рок музиката.

Новиот биографски филм The Dirt (2019) од Netflix дава малку разблажена слика (секако, со доволна доза на секс и дроги) на целата сцена со концепт кој потсетува на еден далеку подобар музички документарец 24 Hour Party People (2002).

Сепак, се работи за вреден документ за историјата на една музика од крајот на 20-от век на дивиот запад .

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 03.04.2019

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=1838

АРНО.МК / 2019

Културата како лично искуство.

Една панк-плоча може да врати цела генерација во Скопје од деведесеттите. Телевизиска серија може да нѐ соочи со сопствените стравови, а збирка поезија да стане подарок што ќе се памети цел живот.

Во овој избор од Арно.мк, Бранко Прља, Берт Стајн и Исак Сима се различни гласови на истиот автор. Низ музиката, филмот и книжевноста, тој пишува за личните сеќавања, општеството и нашата потреба да го разбереме светот во кој живееме.

Есеистички, на места литературни, овие текстови ја задржуваат љубопитноста на еден портал израснат од пријателство и долги разговори. Собрани на едно место, тие се трага од 2019 година – и покана повторно да ги слушнеме песните, да ги отвориме книгите и да ги преиспитаме сопствените уверувања.





АРНО.МК

arno.mk

МУЗИКА / ФИЛМ / КНИГИ / ИДЕИ